РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН ОДБОР ЗА
МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2609-13/3
18.01.2018 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 8, а во врска со член 18 став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, на седницата одржана на 18.01.2018 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за формирање на Секторска комисија за угостителство и туризам

1. Со оваа одлука се формира Секторска комисија за угостителство и туризам.

2. За членови на Секторската комисија за туризам и угостителство се назначуваат:

   - Насир Абази од Министерство за образование и наука;
   - Сунај Јакупов од Министерство за економија;
   - Чедомир Димовски од Центарот за стручно образование и обука;
   - М-р Блага Панева од Биро за развој на образованието;
   - Маја Корубин Ќорлука од Центар за образование на возрасни;
   - Проф. Д-р Мијалчо Ѓоргиевски од Интеруниверзитетска конференција;
   - Благица Крстева од Организацијата на работодавачи на Република Македонија;
   - Биљана Пејоска Ристеска од Стопанска комора за туризам на Македонија и
   - Надица Илиевска од Конфедерација на слободни синдикати.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации упати барање бр. 2609-13/1 од 01/09/2017 година со критериуми за назначување на членови за формирање на Секторска комисија за туризам и угостителство.

На седницата одржана на 18.01.2018 година, Националниот одбор за Македонска рамка, утврди дека врз основа на барањето се доставени номинаци: бр. 12-11635/2 од 20/12/2017 од Министерство за образование и наука, бр. 04-4447/2 од 04/10/2017 од Министерство за економија, бр. 03-1164/2 од 26/092017 од Центарот за стручно образование и обука, бр. 03-514/2 од 09/03/2018 од Биро за развој на образованието, бр. 03-657/2 од 03/10/2017 од Центарот за образование на возрасните, бр. 19-909/3 од 27/11/2017 од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија, бр. 0302 од 05/10/2017 од Организацијата на работодавачи на Република Македонија- Македонија турист, наш бр. 2609-13/2 од 24/10/2017 од Стопанска комора за туризам на Македонија и бр. 03-28/11 од 07/02/2018 од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното Националниот одбор на Македонска рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ ОДБОР ЗА**
**МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

**Борчо Алексов**

**Доставено до:**
- **Одделение за Национална рамка на квалификации**
- **именуваните**

изготвил: Екрем Иљаз
одобрил: Наташа Јаневска